# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
# од Шеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 21 декември 2000 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, притиснете ги копчињата на системот за гласање, да видиме колку пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека се присутни мнозинството пратеници.

Ја отворам 64-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Анушев и Томислав Стојановски, ме известија дека од оправдани причини, не можат да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници.

На седницата присуствуваат: претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет на Република Македонија, дипломатски претставници на странски држави во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и од ваше име, да го поздравам присуството на оваа седница на министерот за надворешни работи на Босна и Херцеговина, г. Јадранко Прлиќ. (Аплауз).

Го молам претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски да му се обрати на Собранието.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван господине претседателе на Собранието, почитуван премиере, министри во Владата на Република Македонија, почитувани пратеници, дами и господа, ваши екселенции, почитуван министер за надворешни работи, мој добар пријатсл г. Јадранко Прлиќ, добре дојде.

Со чувство на голема чест и почит кон вас, денеска ја исполнувам обврската што ја налага Уставот на Република Македонија - да ви се обратам вам и на македонската јавност. Овој пат тоа го правам точно една година откако овде пред вас ја дадов заклетвата дека целиот мој ангажман и енергија ќе му го предадам на служењето на интересите на граѓаните за просперитетот на нашата татковина.

На самиот почеток, дозволете ми да го искажам задоволството дека во првата година на новиот милениум навлегуваме со стабилна и безбедна држава. Живееме во мир, економските реформи се во напредната фаза, нашите односи со соседите се пријателски, а направивме и значаен чекор кон европските интеграции. Постојат реални предуслови за целосна стабилизација на регионот во кој живееме и објективни услови за надеж дека по речиси една деценија се отвора период на траен мир во Југоисточна Европа. Сето тоа создава чувство на сигурност во планирањето на активностите и создава оптимизам дека овој регион, конечно, излегува од зоната на тектонските политички потреси.

Во моето обраќање би сакал да се осврнам на годината зад нас, но и да говорам за годината која претстои. Сакам да говорам за предизвиците што ги очекуваат сите граѓани на Република Македонија. Сакам да ја изразам мојата визија за земјата и да побарам да ми се придружите вие и сите граѓани на Македонија кои посакуваат подобар живот и подобра иднина.

Почитувани дами и господа. Сметам дека оваа година даде свој придонес кон стабилизирањето на нашата држава и демократијата во неа.

Во исклучително тешко опкружување, во услови кога често границата се контролираше само од нашата страна, Армијата на Република Македонија успешно го штитеше територијалниот интегритет и неповредливоста на границите. Дозволете ми, во својство на врховен командант на вооружените сили и во името на целата нација да им оддадам признание и благодарност на припадниците на Армијата. Тие служат со чест и гордост во одбрана на нашата држава, на нејзините граѓани и на нејзините вредности. Треба да се каже дека се соочивме и со неколку немили инциденти на северната граница, кои мене, како Претседател, не ме оставија ни малку рамнодушен. Можеме да му благодариме на Бога што немавме жртви. Како што знаете, позитивен резултат од ова беше подобрувањето на соработката со КФОР во контекст на контрола на границата од нивната страна. Тоа донесе резултати. Нам ни е многу важно да имаме стабилни и демократски соседи. Тоа директно се

рефлектира врз сигурноста и безбедноста на нашите граници.

Ситуацијата во јужна Србија не загрижува сите. Таа е принципиелно различна од она што претставуваше Косово. Се работи за сериозен предизвик на принципите на меѓународното право и на авторитетот на меѓународните фактори и нивните обврски во регионот. Ако овој обид на екстремистите има успех во Јужна Србија, тогаш тоа ќе биде почеток на нов циклус на нестабилност во регионот.

Дами и господа, еден од факторите кои имаат значителен придонес за безбедноста на Македонија е присуството, односите и приближувањето на нашата држава кон Северно - атлантската организација. Присуството на НАТО силите во Македонија не смее да се користи во меѓупартиските политички борби. Ако некој смета дека можевме сами без вакви сериозни стратешки партнери во услови на крвави кризи и отворени војни во соседството, тогаш се лаже и себе си и своите гласачи. Затоа апелирам присуството и односите со НАТО - стратешки линии што нам ни ја поддржуваат стабилноста - да не се доведуваат во прашање и да не бидат предмет на конјуктурни партиски поделби.

НАТО, исто како и ЕУ, почива на вредности што Македонија ги споделува и кон кои се стреми. Оттука, зачленувањето на РМ во НАТО зависи не само од реформите во одбраната, туку и од зголемувањето на економскиот потенцијал на државата, како и од степенот на функционирање на правната држава и почитувањето на човековите права.

Би сакал да потенцирам дека последната Национална годишна програма за зачленување во НАТО е голем чекор напред. Како една од деветте држави аспиранти за членство во следниот период треба да се мобилизираме околу оваа стратешка определба и конзистентно да продолжиме да ги спроведуваме реформите во сите области, да го донесеме Законот за одбрана и Законот за служба во армијата, да ги затвориме оние прашања од областа на правната рамка кои се уште се отворени и да продолжиме со конкретната соработка на теренот со силите на НАТО стационирани во РМ.

Почитувани пратеници, дами и господа, сметам дека соработката и партиципацијата на партиите на македонските Албанци во Владата и воопшто во македонскиот политички живот е исклучително ефикасен механизам за елиминирање на тензиите со етнички предзнак. Во таа смисла, тие претставуваат есенцијална контрибуција кон единството, стабилноста и безбедноста на државата. Но таа интеракција на политичко ниво не е доволна. Мислам дека во наредниот период мора да изградиме ефикасни механизми што нужно ќе обезбедат комуникација и интеракција меѓу граѓаните, во реалниот живот, во образовниот процес, во цивилното општество. Само на тој начин би имале услови за интеграција на сите граѓани во македонското општество. Нашата цел мора да биде граѓанска држава во која сите индивидуи, без разлика на етничкото потекло, ќе имаат силна свест за својата одговорност кон државата. За зачувување, негување и развој на етничката, јазичната и културната посебност, веќе имаме одлична правна рамка која во повеќе прашања ги надминува базичните меѓународни стандарди за заштита на националните малцинства. Но малцинските права не треба да ги мешаме со колективниот пристап. Акцентот треба да биде на граѓаните, на индивидуите, а не на групите и другите видови колективитети.

Конечно, како последно прашање во контекст на безбедноста на Македонија, дозволете ми да го најавам донесувањето на нова модерна Стратегија за одбрана на Македонија. Овој стратешки документ меѓу другото ќе ги сублимира националните интереси на државата и инструментите за нивна заштита, односно реализација. Би сакал да истакнам дека во изработката и донесувањето на Стратегијата ќе настојувам да обезбедам што е можно поширока политичка и експертска поддршка.

Стратешките приватизации се прашање од областа на економијата, кое навлегува во вкупната стабилност на државата. Тука мораме да најдеме сили за избор на опции и партнери кои ќе донесат стабилност и ќе отворат нови врати кон нивните економии, како и серија на нови инвестициони циклуси. Конечно, нам ни треба една балансирана, стабилна и долгорочна стратегија за економски развој. Сметам дека стоиме пред клучна година, и затоа апелирам и се надевам дека со овие прашања ќе се соочиме на вистински начин.

Почитувани пратеници, дами и господа, не можеме да тврдиме дека е сторено се што можело да се направи. Напротив. Драгоцено време и многу енергија се потрошија во политички расправии и партиски судири. Доколку сите заедно се потрудевме тоа да го инвестираме во конструктивност и за општото добро на граѓаните и државата, верувам дека денес

ќе можевме на јавноста да и понудиме и позначајни резултати. Од друга страна, многу постапки во вкупниот живот предизвикаа луѓето да немаат доволно доверба во одделни политички тела и институции.

Очекувам дека политичките субјекти ќе најдат сили органите на одделните сегменти на власта да функционираат во рамките на уставно дефинираните надлежности, а со цел да се надминат блокадите кои можат да го забават темпото на реформите. Тоа мора да биде заеднички интерес, независно од различните партиски програми и платформи, а во секој случај во интерес на македонските граѓани. Ако ние со нешто изборивме меѓународен рејтинг, тоа е со функционирањето на институциите и во најтешките моменти од своето постоење.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Се надевам дека ќе се зголеми довербата во нашите државни институции и политички структури. Ова е делумно резултат на распространетоста на корупцијата. Мораме да признаеме дека ние имаме сериозни проблеми со корупцијата и криминалот. Нужно е да ги мобилизираме сите сили за нивно искоренување. Јас одлучно ќе се борам за ефикасна демократска држава во која ќе владее правото, во која институциите на власта ќе функционираат врз основа на правото и во која сите граѓани ќе имаат еднакви шанси.

Почитувани пратеници, и покрај тоа што беа констатирани и некои подобрувања на изборниот процес, овие локални избори покажаа дека се нужни многу напори и политичка одговорност за унапредување на механизмот што ја рефлектира народната волја. Оттука, сметам дека треба да ги искористиме како повод за анализа на правната рамка и на ефикасноста на изборниот систем. Точно е, ние бевме сведоци на инциденти и манифестации на насилство поради вжештените политички околности што беа присутни. Затоа, лично ќе се заложам за донесување на неопходни измени во изборното законодавство, како и за овозможување на нужниот дијалог меѓу политичките субјекти. Ние сме отворени за меѓународна помош при корекциите на изборната легислатива и за меѓународен мониторинг на изборниот процес. Изборниот процес е "свет" процес на легитимација на политичките структури во демократијата и тука не треба да има компромиси.

Почитувани пратеници, би сакал да се осврнам на нашата надворешна политика и на зацврстувањето на позициите на Македонија на меѓународна сцена.

Република Македонија има витален интерес својата надворешна политика да ја спроведува активно и квалитетно - во функција на зачувување на територијалниот интегритет, независноста на земјата, мирот, безбедноста и благосостојбата на своите граѓани.

Од своето мирно опстојување, со својата јасна и трајна консензуална определба за европска и евроатлантска интеграција, преку сестрана добрососедска соработка и активно учество во меѓународните организации, регионални иницијативи и процеси. Македонија во светски рамки стана активен партнер во ангажманите на меѓународната заедница за унапредување на стабилноста и безбедноста во регионот и пошироко. Впрочем, врз основа на моето директно залагање презентирано на Самитот во Загреб, на неодамнешниот Самит во Ница. Унијата реши земјите од регионот да ги поканува на своите следни европски конференции.

Во годинава што завршува, продолживме со активности и одот кон целосно интегрирање во Европската унија и полноправно членство во НАТО.

Во оваа смисла, како и врз основа на нашиот успех во спроведувањето на политичките, економските и институционалните реформи, денес сме пред потпишување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, како прва држава од нашиот регион. Поздравувајќи го чинот на парафирањето на Спогодбата, очекувам дека новиот однос на Европа кон нашата држава, објективно уважувајќи го нашиот напредок, ќе резултира со постепено функционално интегрирање на Република Македонија во Унијата. Суштината на функционалното интегрирање треба да биде во одлуките на ЕУ дали гледа на регионот во смисла на негово интегрирање или во смисла на негова стабилизација. Притоа е потребен акционен план за исполнување на обврските за доближување кон Европската унија. Функционалната интеграција во правна смисла значи прифаќање на легислативата на ЕУ, во економска смисла вклучување во заедничкиот европски економски простор, а во институционална смисла создавање на европско компатибилни институции. За остварување на оваа стратегија неопходно е долготрајно присуство и директно вклучување на европските експерти. Нашите граѓани треба да ги почувствуваат

заложбите на Европа и резултатите од процесот на интеграцијата.

Ние ќе продолжиме со активностите насочени кон либерализација на визниот режим за македонските граѓани, поаѓајќи од сознанието дека интеграцијата на државата во европските процеси и структури може на најдобар начин да се оствари преку директни контакти со граѓаните.

Почитувани пратеници, во изминатите исклучително тешки години за регионот, Македонија успеа со својата препознатлива политика на добро соседство да развива квалитетни односи со соседите и да биде активен чинител во регионалните процеси. Сепак, надворешните околности во голема мерка ги лимитираа можностите да се постигне и повеќе.

Со неодамнешните промени во СРЈ, конечно, се отворија перспективи за унапредување на соработката меѓу државите од регионот - билатерално и во рамките на регионалните иницијативи, како и на регионот со останатиот дел од Европа. Заедно со меѓународната заедница, конструктивно се обидовме да ги помогнеме демократските промени во СРЈ, не мешајќи се притоа во нивните внатрешни работи.

Во октомври Македонија беше домаќин на Самитот на Процесот за соработка на Југоисточна Европа, каде за прв пат се сретнаа демократски избраните шефови на држави и влади од сите земји во регионот. Како претседавач на овој Самит можам да истакнам дека Македонија многу доби од тоа. Вниманието на меѓународните медиуми позитивно беа фокусирани на Македонија. По многу години на иста маса седеа претседателите на Албанија и Сојузна Република Југославија. Во Скопје беше и премиерот на Грција, што беше прва посета на еден премиер на нашиот јужен пријател и сосед. Нов прогрес на тој план очекуваме на следниот редовен самит на Процесот, во февруари идната година. Сега веќе можеме да ја скицираме Македонија како вистинска економска и политичка крстосница на Балканот. Би истакнал дека Коридорот 8 и понатаму останува значаен стратешки интерес за нашата држава, со чие реализирање ќе се овозможи економско и политичко урамнотежување на политичките влијанија и развој во регионот.

Се надевам дека во наредната година конечно ќе го затвориме прашањето на демаркација на границата со СРЈ, за што има позитивни услови. Сукцесијата на поранешната СФРЈ е принципиелно разрешено прашање, но ние и понатаму ќе се залагаме за нашите интереси во однос на критериумите на поделбата. Билатералните односи со Албанија и Бугарија имаат нагорен тренд, што особено ќе дојде до израз со заживувањето на Коридорот 8. Потенцирајќи го позитивниот развој на нашите односи со Република Грција, сметам дека тој развој треба да се темели врз принципиелни основи. Мислам дека вакви стабилни и партнерски односи се во интерес на двете држави.

Потпишавме бројни билатерални договори од разни области со нашите пријатели и соседи. Со спогодбите за слободна трговија се создаде пазар од над 85 милиони потрошувачи. Во средината на оваа година Македонија, исто така, потпиша спогодби за слободна трговија со државите на ЕФТА. Сега се во тек преговорите со Албанија, Романија, Унгарија и Украина.

Република Македонија остана отворена земја за логистичка поддршка на секоја конструктивна активност на меѓународната заедница. Поздравувајќи ги и интензивните активности на Европската унија насочени кон стабилизација на регионот, сакам да потцртам дека политиката на САД има значаен придонес во оваа насока и ние ќе продолжиме да бидеме активен партнер.

Во текот на годината што изминува Република Македонија воспостави целосни дипломатски односи со 17 држави. Меѓународната активност беше на завидно ниво, особено ако се има предвид сепак скромната дипломатска мрежа со која располагаме. Токму од овие причини и во иднина посебно внимание ќе посветам на овој сегмент на нашата надворешно - политичка активност и принципиелно ќе се залагам Македонија да ја претставуваат компетентни дипломати.

Политиката на Македонија во однос на билатералните односи со Тајван треба да соодветствува на заедничката надворешна политика на Европската унија. Се надевам дека ќе успееме да ги нормализираме односите со сите други држави кои се најдоа погодени од нашата досегашна политика по ова прашање.

Почитувани пратеници, со задоволство можам да констатирам дека реформите го добија своето потребно темпо. Не сум задоволен од третманот на реформите како оружје на само една политичка опција. Реформите се за сите и реформите се нужни. Тие се болни, но се единствениот сериозен лек за загрижувачките социјални тензии.

Особено значајно е да се истакне дека е потребно трпение додека не се завршат реформите. Тие ќе се преточат во поголем економски просперитет на Македонија и ќе придонесат за отворање на нови работни места и повисок стандард за граѓаните. Законот за денационализација, Законот за банки, и Законот за исплата на замрзнатите девизни штедни влогови, се акти кои имаат посебно влијание врз создавањето на пазарен амбиент. Во април го воведовме ДДВ, со што го доближивме нашиот даночен систем до системот на европските држави.

Исто така, неопходно е да го зголемиме македонскиот извоз и да привлечеме директни странски инвестиции. Ова постојано го нагласував при моите патувања во странство и средбите со странски државници, бизнисмени и други. Директните странски инвестиции се клучни за зголемување на ефикасноста и за унапредување на технолошко - техничката основа на македонската економија и за обезбедување просперитет за нашите граѓани.

Веќе споменав дека сега имаме Спогодба за асоцијација и стабилизација. Овде би сакал да напоменам дека не е битен само периодот за целосно имплементирање, туку дека е неопходно што побрзо Македонија да ги примени предвидените мерки.

Уверен сум во нашиот капацитет за имплементација на Спогодбата, но, потребно е да се организираат сите субјекти во државата и во целото општество. Околу ова прашање треба да се стават во функција сите потенцијали. Ефикасната и стручна државна администрација, која е подготвена да работи заедно со стопанството и општеството во целина, е особено значајна за успешна и навремена имплементација на Спогодбата. Јас, заедно со мојот Кабинет, ќе сторам се да го стимулирам овој процес во конструктивна соработка на различните политички субјекти. Европската комисија е подготвена да ни даде техничка помош за имплементација, што треба максимално да се искористи. Во мојата претседателска програма беше истакната потребата за создавање ентитети чие постоење е неопходно за користење на структурните фондови на Европската унија.

Спогодбата за асоцијација и стабилизација предвидува посебни трговски преференцијали. Неодамна ЕУ воведе автономни трговски преференцијали за земјите од нашиот регион. Со Времената спогодба, до ратификацијата на Спогодбата, македонскиот извоз може да ги користи овие преференцијали. Нашата економија треба да се прилагоди и да ги искористи тие поволности, бидејќи со нив се создаваат услови за зголемување на македонскиот извоз на пазарите на Европската унија. Ова ќе придонесе за отворање на нови работни места и подобрување на животниот стандард на нашите граѓани.

Во контекст на нашите економски успеси на меѓународен план ќе ги напомнам и аранжманите што ги склучивме со ММФ и Светската банка. Овие аранжмани покажуваат дека реформите се движат во вистинска насока и со соодветен интензитет.

Годинава оствариме и значаен напредок во процесот на пристапување кон третиот столб на светската економија - Светската трговска организација. Со ова ќе се создадат предвидливи услови за македонскиот извоз и ќе се зголеми атрактивноста на македонската економија.

Во овој контекст дозволете ми да се навратам на едно прашање за кое силно се залагав во текот на минатата година, а тоа е развојот на дигиталната економија.

На прагот сме на нова ера заснована врз Интернет - револуцијата. Дигиталната технологијата има големо влијание врз сите сфери во општеството. Таа во овој милениум ќе биде главен двигател на глобалната економија и обезбедувањето соодветно место во овој процес е особено значајно за Македонија. Неопходно е да ги искористиме сите можности што ни ги дава на располагање информационата технологија. Нашите претприемачи ќе мораат да се вклучат во процесите на глобализација и информатика. Не само што Македонија треба да биде дел од таа дигитална револуција, туку од многу аспекти треба и да води. Македонија нуди идеални услови за создавање на информативно општество и може да стане модел во регионот за мрежна економија.

Од моето преземање на функцијата Претседател на Република Македонија, мојот Кабинет интензивно работеше со претставници од државната администрација, приватниот бизнис и науката на е-стратегијата за Македонија.

Нашата Влада и приватниот сектор веќе работат на создавање услови за поттикнување на развојот на овој сектор.

Почитувани пратеници, дами и господа, усвоивме бројни закони со кои нашата земја стана подобро место за живеење. Законот за високо образование им дава на нашите граѓани подобри можности

за стекнување повисоки степени на образование и знаења. Заложба за основање на приватен универзитет, ја покажа нашата грижа за сите наши граѓани. За ова ни честитаа бројни институции во кои сакаме да се зачлениме, посебно Европската унија.

Образованието, како незаменлив фактор во сите сегменти на развојот на една земја нужно мора да ги следи современите тенденции и предизвици. Интеграцијата во европското опкружување, претпоставува посебен предизвик за образовниот процес. Тоа подразбира подготовка на кадри кои што ќе можат успешно да се вклучат во европскиот пазар на трудот. Светското искуство, па и нашето, покажува дека знаењето, високостручниот и квалификуван кадар, претставуваат најдрагоцен капитал во секоја земја со кој може да располага.

Во рамките на мојата програма за посета на градовите лично имав прилика непосредно да ги согледам условите, опкружувањето и амбиентот во кој учениците или студентите го стекнуваат своето знаење. Беше очигледно дека постојат проблеми од материјална или техничка природа. Од ова произлегува потребата од најитно донесување на минимум национални стандарди за потребната инфраструктура која би ги задоволила стандардните потреби.

Почитувани пратеници, во месеците што следат повторно ќе патувам низ нашата земја и ќе продолжам да се среќавам со луѓето, без разлика од кој социјален слој се или која политичка партија ја поддржуваат.

Истовремено, би сакал да ги поттикнам пратениците да се среќаваат со своите гласачи. Да се информираат за нивните стравувања, надежи, сни и желби.

Да разберат како тие ја гледаат Македонија. Да работат заедно Македонија да стане по просперитетна, постабилна и побезбедна земја за сите нас, нашите деца и внуци.

Ми беше чест да служам како ваш претседател во текот на оваа година. Понекогаш патот беше трнлив. Друг пат бев понесен од нашите успеси. Но најзначајното е да се запомни дека мора да останеме на овој пат. Затоа сакам да ве поздравам и охрабрам со зборовите од словото Божје запишани во послание на Светиот апостол Павле до Римјаните -14:19. “И така да го бараме она што служи за мир и заемно подобрување еден на друг". А за тоа е потребна верба во нашите вредности, дисциплина, работа и залагање, а тоа не секогаш е лесна задача. Повторно ја истакнувам мојата заложба кон заедничката цел и ви ја подавам мојата рака со желба да ми се придружите. Ние можеме многу да постигнеме за нашата Македонија, затоа што нашата нација и нашиот дух се подготвени за тоа. Убеден сум дека ова може да го постигнеме само заедно.

Ви благодарам.

Господ да ја благослови Македонија и вас.

(Обраќањето беше проследено со бурен аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на Претседателот на Република Македонија, за неговото обраќање.

Ја заклучувам 64-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам, по половина час ние ќе продолжиме да работиме по 62-та седница, за Телекомот ќе расправаме, па да не се растураме многу, да им дадеме можност да влезат и оние кои ете во оваа прилика мислеа дека треба да бидат надвор. Благодарам на сите.

(Седницата заврши во 13,00 часот).